## Дефиниција за потврдна согласност

Потврдна согласност подразбира знаење, доброволна и заемна одлука меѓу сите партнери да се вклучат во сексуални активности. Согласноста може да биде дадена со зборови или дела, сè додека тие зборови или дела создаваат јасна дозвола во однос на волјата за вклучување во сексуална активност. Самото молчење или недостатокот на отпор сам по себе не значи согласност. Дефиницијата за согласност не се менува според полот на учесникот, сексуалната ориентација, родовиот идентитет или родовата определба.

Согласноста на каков било сексуален чин или претходно дадената согласност за сексуална активност помеѓу одредени страни не претставува нужно согласност за кој било друг сексуален чин.

Согласноста е потребна без разлика на тоа дали лицето коешто го отпочнува сексуалниот чин е под дејство на дроги и/или алкохол.

Согласност може да се даде, но и да се повлече во кое било време.

Согласност не може да се даде кога лицето е онеспособено, што се случува кога на лицето му недостига способност свесно да избере да учествува во сексуална активност. Онеспособеноста може да биде предизвикана од недостаток на свест или сон, кога некој е ограничен против своја волја или ако лицето не може да даде согласност на друг начин. Во зависност од степенот на интоксикација, некој којшто е под влијание на алкохол, дроги или други опојни средства, може да биде онеспособен и поради тоа да не може да даде согласност.

Согласност не може да се даде како резултат на принудување, заплашување, примена на сила или закана за нанесување повреда.

Кога согласноста ќе се повлече или кога повеќе не се дава, сексуалната активност мора да престане.

## Помилување од тужба заради употреба на дрога и алкохол

Здравјето и безбедноста на секој студент на Rockland Community College е од најголемо значење. RCC го признава фактот дека студентите коишто пиеле алкохол и /или употребувале дроги (без разлика дали тоа било доброволно или не) може да се двоумат да пријават случаи на насилство коишто се случиле во тоа време заради потенцијалните последици од нивното однесување. Вакво насилство вклучува, но не е ограничено само на семејно насилство, насилство во врската, следење или сексуален напад. RCC ги охрабрува студентите да пријават семејно насилство, насилство во врската, следење или сексуален напад кај надлежните во институциите. Набљудувач со добра намера или лице коешто ќе пријави и обзнани со добра намера некој инцидент на семејно насилство, насилство во врската, следење или сексуален напад кај надлежните во RCC или кај силите на безбедноста, нема да бидат подложни на дејството од Кодексот на однесување на RCC's за прекршување на правилата за употреба на алкохол и/или дрога што се случиле за време на или околу времето на случување на семејното насилство, насилството во врската, следењето или сексуалниот напад.

## Повелба за правата на студентите

Сите студенти имаат право:

Да поднесат извештај до локалните сили за безбедност и / или до државната полиција;

На сериозен третман при обзнанување семејно насилство, насилство во врската, следење или сексуален напад;

Да донесат одлука за тоа дали ќе го обзнанат злосторот или насилството и ќе учествуваат во правните процеси и / или процесите на кривичната правда, без никаков притисок од институцијата;

Да учествуваат во процес којшто е фер, непристрасен и којшто овозможува соодветно внимание и значајна можност да се биде ислушан;

Да бидат третирани со почит и од институциите да примат пристојна, фер и достоинствена здравствена нега, како и советодавни услуги онаму каде што тие се достапни;

Да не се оптоваруваат со сугестии дека личноста којашто пријавила е виновна за случувањето на конкретниот злостор и насилство или дека требало поинаку да постапи за да избегне таков злостор или насилство;

Да го опишат инцидентот на само онолку институционални претставници колку што е неопходно и да не се бара од лицето непотребно да го повторува описот на инцидентот.

Да бидат заштитени од одмазда на институциите студентот, обвинетиот и / или испитаникот, и/ или неговите пријатели, роднини и познанции коишто се под надлежност на институцијата;

Да имаат пристап барем до еден степен на жалба;

Да бидат придружувани од советник по сопствен избор којшто може да им асистира и да ги советува лицето кое пријавило, обвинетото лице или испитаникот преку правни и процеси на однесување, вклучително и за време на сите состаноци и сослушувања поврзани со тој процес;

Да ги уживаат граѓанските права и релизгиозни практики без вмешување на истражните, кривично-правните, правните или процесите на однесување од институцијата.

Правата важат без разлика на расата, бојата, националното потекло, религијата, убедувањата, возраста, попреченоста, полот, родовиот идентитет или определба, сексуалната ориентација, семејниот статус, бременоста, предиспонирачките генетски карактеристики, воениот статус, статусот на жртва на семејно насилство или кривичната осуда, како и без разлика на тоа дали злосторот или насилството се случиле на кампусот, надвор од кампусот или при студирањето во странство.

Имате право да поднесете пријава до универзитетската полиција или обезбедувањето на кампусот, локалните безбедносни сили и / или државната полиција, или да изберете да не поднесете пријава; да го пријавите инцидентот во Вашата институција; институцијата да Ве заштити од одмазда заради пријавување на инцидент; и да добиете помош и ресурси од Вашата институција.